20 ГОДИНИ МЗМП

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2023

CUPIDA LEGUM IUVENTUS

www.myla.org.mk

# СОДРЖИНА


стр. 05 | ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА

стр. 06 | ЗА МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ

стр. 08 | КЛУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА НИЗ БРОЈКИ ВО 2023 ГОДИНА

стр. 10 | ПРАВНА ПОМОШ И СТРАТЕШКО ЗАСТАПУВАЊЕ

стр. 22 | ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И ПОЛИТИКИ

стр. 38 | УЧЕСТВО ВО ИЗРАБОТКА НА ПРОПИСИ

стр. 42 | ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА

стр. 50 | ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

стр. 58 | ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ И СОРАБОТКА

стр. 64 | ОРГАНИЗАЦИЈА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

стр. 67 | ФИНАНСИИ

Наслов на публикација
Годишен извештај 2023 година

Автор
Александра Цветановска, Претседателка на МЗМП

Издавач
Македонско здружение на млади правници

Уредници
Ангела Силјаноска Шумкоска
Игор Стојчевски

Ликовно-графичко обликување
КОМА ДООЕЛ

Лектор
Весна Костовска

Скопје, 2024 година

Место за ЦИП број

## ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА

Годинава го одбележавме нашиот 20-годишен јубилеј на успешно постоење на организацијата, а толку години и постојан раст. Бројките што ги постигнавме, како што се 629 поведени судски постапки, 8 733 број на обучени правници, 161 618 вкупен број бесплатни правни совети и уште многу други, говорат за нашата посветеност и за следењето на нашите заложби застапувајќи се за праведно општество каде што човековите права се заштитени.

Нашата најголема гордост е дадената помош на луѓето, многу успешни приказни и променети животи, а тоа е нешто што нè води напред.

Во 2023 година успешно ги реализиравме проектите, зададените цели и активности, поттикнавме успешни промени во законодавството и оствaривме одлична соработка со институциите, донаторската заедница и граѓанските организации. Воспоставивме нови партнерства и останавме еднакво посветени на сите теми што ги работиме, обидувајќи се да дадеме максимален придонес и обидувајќи се системски да помогнеме со застапување за заштита на човековите права.

Не останавме тивки за повредите што ги забележевме и реагиравме кога сметавме дека има поткопување на правниот систем и нарушување на принципот на владеење на правото во нашата држава.

Продолжуваме понатаму со истата сила, ентузијазам и енергија како организација и тим што може да направи уште многу залагајќи се индивидуалните слободи да бидат целосно заштитени.



**Александра Цветановска**
Претседателка



# ЗА МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ



Македонското здружение на млади правници (МЗМП) е независна, непрофитна и професионална организација на правници основана во 2003 година. МЗМП ги идентификува младите правници како клучен дел од општеството, кој располага со знаење, вештини и желба да придонесе во втемелувањето на вредностите на заштита на човековите права и владеењето на правото во нашата држава. Со таа цел, работата на МЗМП е посветена кон насочување и обуки на младите правници заради зголемување на нивното учество во активности за заштита на човековите права и унапредување на принципот на владеење на правото.

## Визија

Праведно, правично и справедливо општество каде што правото го штити достоинството на луѓето, му служи на јавниот интерес и обезбедува одржлива и безбедна околина.

## Мисија

МЗМП ги штити и ги унапредува основните начела и вредности утврдени со Уставот. Преку користење на моќта на правото ги заштитува и ги зајакнува обесправените, застапува за подобрување на законите и политиките во кои индивидуалните слободи, владеењето на правото и околината се целосно заштитени.

МЗМП има цел да обезбеди дека правото во Северна Македонија работи за сите, му служи на јавниот интерес и е усогласено со меѓународните стандарди и стандардите на ЕУ.

## Стратешки цели на МЗМП

1. Правно зајакнување и заштита на основните човекови права;
2. Унапредување на владеење на правото и изедначување на националните политики со правото на ЕУ;
3. Зајакнување на професионализмот, стручноста и интегритетот на младите правници;
4. Подобрување на квалитетот на услугите на институциите кон граѓаните.

## Активности на МЗМП

Со цел остварување на воспоставените стратешки цели, активностите на МЗМП се структурирани во три меѓусебно поврзани програми:

- **Правна помош и стратешко застапување;**
- **Правни истражувања и политики;**
- **Правна едукација.**

## Области на работа

Приоритетни области на кои работи МЗМП се:

- Пристап до правда за ранливи категории граѓани;
- Азил, миграции и бездржавјанство;
- Правна заштита од дискриминација и повреди на човекови права;
- Права на жртви на кривични дела и трговија со луѓе;
- Заштита на права на лица лишени од слобода;
- Заштита на право на здрава животна средина;
- Правна поддршка на граѓански организации;
- Зајакнување на вештините на младите правници.

# КЛУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА

# НИЗ БРОЈКИ ВО 2023 ГОДИНА

**2 403** бесплатни правни совети и информации

**2 037** правни совети и информации за постапката за азил им се дадени на лица што транзитираат низ државата и на корисници бегалци од Косово

Поведени се **19** судски постапки и постапки за **4** стратешки предмети

Објавени се **32** публикации на специфични теми од областа на правото

МЗМП беше дел од **10** работни групи за подготовка на закони и учествуваше во подготовка на **8** подзаконски акти

**42** млади правници се стекнаа со практични знаења и вештини во **4** основни судови, **2** невладини организации, Уставниот суд на РСМ, Управниот суд на РСМ, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител, Министерството за животна средина и просторно планирање, **6** адвокатски канцеларии во **5** градови во државата

Одржани се вкупно **55** обуки, работилници, предавања, академии, стратешки форуми и едукативни сесии (настани) на **14** правни области

Поддржани **19** проекти на **19** граѓански организации

МЗМП е дел од **14** мрежи во кои активно го дава својот придонес

**814** млади правници, студенти, адвокати, претставници од правосудни и владини институции, претставници од образовниот систем, претставници на граѓанското општество, претставници од државни органи, новинари, како и населението беа обучени во соодветна област

Склучени **8** договори и меморандуми за соработка.

МЗМП обезбеди поддршка (финансиска и консултантска) за основање и работа на Центарот за кариера, како посебна организациска единица во рамите на Правниот факултет „Јустинијан Први"

# ПРАВНА ПОМОШ И СТРАТЕШКО ЗАСТАПУВАЊЕ



МЗМП даде вкупно **2 403** бесплатни правни совети и информации;

**2 037** правни совети и информации за постапката за азил им се дадени на лица што транзитираат низ државата и на корисници бегалци од Косово;

Поведени се **19** судски постапки и постапки за **4** стратешки предмети.

## ПРАВНА ПОМОШ НА ЛИЦА СО НИСКИ ПРИХОДИ И СЕМЕЈСТВА ВО РИЗИК (ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ)

Во текот на 2023 година, МЗМП им обезбеди примарна правна помош на вкупно 472 лица во согласност со Законот за бесплатна правна помош. Примарната правна помош им беше дадена на поединци и семејства со ниски приходи, како и на останати лица што имаа потреба од ваков вид помош. Услугите на правна помош МЗМП ги даваше во форма на општи правни информации (ОПИ), општи правни совети (ОПС), информации за правото на користење бесплатната правна помош (ИПКБПП) и помош при комплетирање барање за секундарна правна помош.

За своето постапување и услугите што ги дава како овластено здружение од областа редовно го информираше Министерството за правда преку вкупно 12 месечни извештаи. МЗМП обезбедуваше правна помош со лично присуство во канцелариите на МЗМП, преку телефон, е-пошта, профилите на Фејсбук и Инстаграм на МЗМП, на www.pristapdopravda.mk, како и на други начини за онлајн состанување со заинтересираните лица.

Поднесена е тужба до Управниот суд поради погрешна примена на одредби на ЗБПП, непостапување по правила на постапка што претходеле пред донесувањето решение за прекин на СПП и поради погрешно утврдена фактичка состојба. Предметот се однесува за неможност за покривање на трошоците за вештачење, односно трошоци за ДНК-анализа.

Во продолжение следува табела со основни податоци со кои располага МЗМП во однос на дадени правни совети и информации на граѓани што се обратиле до МЗМП.





| Месец (2023 година) | Вкупно | Пол на корисниците на ППП | | Возраст на корисниците на ППП | | | | Етничка припадност на корисниците на ППП | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | -18 | 18-25 | 25-50 | +50 | мак. | алб. | ром. | срб. | тур. | др. |
| Јануари | 83 | 33 | 48 | / | 1 | 35 | 45 | 74 | 4 | 3 | / | / | / |
| Февруари | 58 | 27 | 31 | / | / | 25 | 27 | 43 | 5 | 3 | / | / | 2 |
| Март | 31 | 10 | 21 | / | 1 | 13 | 16 | 25 | 3 | / | / | / | 2 |
| Април | 25 | 15 | 10 | / | / | 10 | 14 | 20 | 2 | 2 | / | / | / |
| Мај | 41 | 26 | 15 | / | 1 | 24 | 14 | 34 | 1 | 3 | 1 | / | / |
| Јуни | 23 | 9 | 14 | / | 1 | 10 | 10 | 20 | / | / | 1 | / | / |
| Јули | 35 | 9 | 26 | 1 | / | 22 | 12 | 29 | 2 | 4 | / | / | / |
| Август | 32 | 12 | 20 | / | / | 18 | 11 | 27 | 1 | 1 | / | / | / |
| Септември | 35 | 12 | 23 | / | / | 21 | 11 | 26 | 1 | 4 | 1 | / | / |
| Октомври | 31 | 11 | 20 | / | 1 | 17 | 13 | 28 | / | 3 | / | / | / |
| Ноември | 27 | 11 | 16 | / | 1 | 15 | 8 | 22 | 1 | 1 | / | / | / |
| Декември | 51 | 24 | 27 | / | 1 | 25 | 25 | 47 | 1 | 3 | / | / | / |
| **Вкупно:** | **472** | **199** | **271** | **1** | **7** | **235** | **206** | **395** | **21** | **27** | **3** | **/** | **4** |



**Забелешка:** На дел од лицата им е обезбедена правна помош преку социјални мрежи, за што не можеше да се обезбедат точни информации за нивната возраст или етничка припадност поради што дел од информациите не се поклопуваат со вкупниот број дадени правни совети и правни информации.

Од расположливата статистика на МЗМП, граѓаните најмногу се обраќале за совети во врска со имотни правни прашања и прашања во врска со повреда на правата во работните односи. Остварувањето или заштитата на правата од социјална и детска заштита се трети по застапеност, како и статусните прашања. Застапени се и прашања поврзани со остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување, здравствена заштита и осигурување и заштита од семејно и родово базирано насилство.
МЗМП поднесе 17 барања за секундарна правна помош, и тоа за 10 жени и за 7 мажи. Старосната граница на барателите на секундарна правна помош се движи најмногу од 25 до 50-годишна возраст. Од вкупниот број поднесени барања за секундарна правна помош, 14 се одобрени, 2 се повлечени од страна на барателите, додека, пак, 1 барање сè е уште во постапка за одобрување.
Во продолжение следуваат информации за поднесените барања за секундарна правна помош до подрачните одделенија на Министерството за правда.

| Месец (2023) | Пол на барател/-ка | | Возраст | Правно прашање за што е поднесено барањето | Исход |
|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | | | |
| **Јануари** | | 1 | 25-50 | Развод на брак и доделување малолетно дете на чување, воспитување и делумно издржување | Одобрено |
| | | 1 | 50+ | Издршка | Одобрено |
| | | 1 | 25-50 | Развод на брак и доделување малолетно дете на чување, воспитување и делумно издржување | Одобрено |
| **Февруари** | 1 | | 50+ | Судење во разумен рок | Одобрено |
| **Март** | 1 | | 50+ | Развод на брак | Одобрено |
| **Април** | | | | / | |
| **Мај** | 1 | | 50+ | Признавање татковство | Во тек |
| | | 1 | 25-50 | Развод на брак | Повлечено од барателката |
| **Јуни** | | 1 | 25-50 | Времени мерки за заштита од семејно насилство | Одобрено |
| **Јули** | | 1 | 25-50 | Надоместок за штета | Одобрено |
| **Август** | | | | / | |
| **Септември** | 1 | | 25-50 | Управен спор за остварување на правото на гарантирана минимална помош | Одобрено |
| | | 1 | 50+ | Развод на брак | Повлечено од барателката |
| | 1 | | 50+ | Оставинска постапка | Одобрено |
| **Октомври** | | 1 | 25-50 | Делба на имот | Одобрено |
| | | 1 | 25-50 | Издршка | Одобрено |
| **Ноември** | 1 | | 18-25 | Тужба за иселување | Одобрено |
| **Декември** | | 1 | 25-50 | Тужба за измена на пресуда за доделување малолетно дете на чување, воспитување и делумно издржување | Одобрено |
| | 1 | | 25-50 | Развод на брак и доделување малолетно дете на чување, воспитување и делумно издржување | Одобрено |

## ПРАВНА ПОМОШ НА БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ И БЕГАЛЦИ

14 години МЗМП е стратешки партнер на Канцеларијата на Високиот комесар за бегалци на ООН во Северна Македонија (УНХЦР). Во рамките на заедничката соработка, МЗМП им дава правна помош на лица бегалци, баратели на азил и лица под меѓународна заштита. Правната помош се однесува на постапката за признавање право на азил, постапката по правен лек, како и постапките за интеграција на бегалците. Во 2023 година, МЗМП обезбеди 434 правни совети и помош на баратели на азил, а согласно статистиката на МЗМП, поднесени беа вкупно 618 барања за азил. По тековните постапки, управни спорови беа поведени во 8 случаи, додека, пак, жалби на одлуките на Управниот суд беа поднесени во 7 предмети. На 302 лица што престојуваат во земјата од 1999 година со потекло од Косово, вкупно 903 пати им беше дадена правна помош за нивна интеграција во државата. Во транзитните центри „Винојуг“ и „Табановце“, информирање за постапката за добивање право на азил им беше дадена на 700 лица. Не беа поднесени претставки до Народниот правобранител, меѓутоа истовремено беа направени 41 писмени и усни интервенции до други институции за индивидуални случаи или генерални прашања со цел почитување на правата на овие лица, укажување на одредена повреда или изнаоѓање начин за решавање проблеми што ги засегаат овие лица. Сумарно, во текот на 2023 година се дадени 2 037 правни совети и информации за постапката за азил на лица што транзитираат низ државата, вклучувајќи и баратели на азил и лица под заштита.



За прашања поврзани со азилот и миграциите се вклучени и голем број адвокати во речиси сите региони во државата, а посебно се издвојува групата за стратешко застапување.

**ГРУПА ЗА СТРАТЕШКО ЗАСТАПУВАЊЕ** – Групата за стратешко застапување предмети од областа на азилот е формирана со цел да идентификува и стратешки да ги застапува оние предмети што се подобни да создадат промена во законски одредби или во одредени практики што ги прекршуваат основните права и човекови слободи на бегалците во постапките за азил. Исто така, групата се стреми кон подобрување на системот на азил во нашата држава преку застапување пред органите и судовите во Северна Македонија, но и пред Европскиот суд за човекови права и други меѓународни механизми. Во 2023 година, групата продолжи да функционира во ист состав, со тоа што на групата ѝ се приклучи уште еден нов член, кој е поранешен правен асистент во Европскиот суд за човекови права. Во 2023 година, групата не работеше на нови случаи што би биле застапувани пред Европскиот суд за човекови права.

## ПРАВНА ПОМОШ НА ЛИЦА БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО

Како стратешки партнер на Високиот комесар за бегалци на ОНН, МЗМП веќе 14 години им обезбедува бесплатна правна помош на лицата без државјанство. Правната помош се однесува за постапки за запишување во матичната книга на родените, регулирање престој и постапка за прием во македонско државјанство. Покрај бесплатната правна помош, МЗМП се залага за системско решавање на проблемот со бездржавјанството. Во 2023 година, МЗМП им обезбеди правна помош на вкупно 503 лица без државјанство. Од нив, 81 лице без државјанство беше примено во македонското државјанство, 14 лица го регулираа престојот и добија дозвола за престој на странец, а 300 лица беа запишани во матичната книга на родените и добија прв извод. МЗМП идентификуваше 39 нови лица без државјанство. МЗМП имаше 81 успешна приказна на лица што добија државјанство, а со тоа и пристап до своите основни права: право на здравствена заштита, образование, социјални права, вработување.

## ПРАВНА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЛИЦА НА ИЗДРЖУВАЊЕ КАЗНА ЗАТВОР И ПОРАНЕШНИ ОСУДЕНИЦИ (РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА)

Во 2023 година, тимот за мониторинг има спроведено посети во 4 казнено-поправни установи и во 4 психијатриски болници. МЗМП им има обезбедено правни совети на 80 осудени лица во врска со определено правно прашање, како и за користење на механизмите на пријавување тортура и нехуман третман. Иницирани се 9 судски постапки пред Управниот суд, како и 11 постапки пред административни органи.

Спроведена е шестмесечна програма за ресоцијализација на осудени лица пред отпуст во КПУ Штип. Програмата се состои од индивидуален третман (процена на личност преку социјална анамнеза, екомапа, генограм, MMPI-тест на личност, тест за интелигенција) и когнитивно-бихевиорална програма за осудени лица и дополнителни интервенции и алатки за осудените лица што имаат проблем со зависност).

Обезбедена им е правна, психосоцијална или помош во однос со зависности на 10 осудени лица пред отпуст и 20 лица по отпуст од издржување казна затвор. Правната помош, психосоцијалната или помош во однос со зависности е обезбедена од МЗМП или партнерите од проектот.

## ПРАВНА ПОМОШ, ПРИСТАП ДО БОЛНИЧКА ТЕРАПИЈА И ДРУГИ ПРАВА

Во текот на 2023 година, МЗМП продолжи да им обезбедува правна помош и советување на пациенти болни од малигни, ретки и други хронични болести, кои се соочуваат со проблеми при пристап до болничка терапија, нега и други права што им припаѓаат согласно законите.

Во 2023 година им беше обезбедена правна помош и поддршка (совети, информации и асистенции) на 70 лица од 16 градови низ РСМ. Поднесени се 2 жалби против донесени решенија од ФПИОМ поради одбиени барања за надоместок за телесно оштетување. Исто така, поднесени се 2 жалби до Министерството за здравство, а потоа и 2 тужби до Управниот суд поради одбиено барање за рефундација за приватно набавени лекови. Асистирани беа 20 пациенти во изготвувањата барања и известувања до Министерството за здравство и Клиниката за онкологија во врска со пристапот до болничка терапија и недостиг на одредена терапија.

Поднесена е 1 кривична пријава поради несовесно постапување со болни од страна на лекар, што резултирало со влошување на здравјето на странката.



## ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Во 2023 година, МЗМП продолжи да учествува со свои претставници во Мобилните тимови за идентификација на ранливи групи, вклучително и жртви на трговија со луѓе, формирани во 2018 година. МЗМП има свои претставници во Мобилните тимови во четири градови: Битола, Гевгелија, Куманово и Тетово. Преку работата на мобилните тимови во кои учествува МЗМП беа опфатени 479 ранливи категории лица, од кои 22 потенцијални жртви на трговија со луѓе и 2 жртви на трговија со луѓе.

Преку соработка со адвокати, МЗМП обезбеди правно советување и застапување 4 жртви на трговија со луѓе пред надлежни органи во кривична постапка, вклучувајќи ги и судовите во државата. Правната помош, како оштетени, е обезбедена при давање исказ пред Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК) и за застапување на главна расправа во Основниот кривичен суд.

Со цел градење позитивна практика, системски промени и заштита на правата на жртвите, МЗМП поднесе 3 барања за секундарна правна помош и застапување жртви на трговија со луѓе. На почетокот на 2024 година, Министерството за правда го донесе првото решение со кое се одобри бесплатна правна помош и назначи адвокат што ќе ја застапува жртвата на трговија со луѓе. Ваквата одобрена бесплатна правна помош за жртвата

во сите постапки, вклучувајќи ја и кривичната постапка (предистражна и истражна), е позитивен преседан и пример според кој треба да се водат сите следни предмети поврзани со обезбедување бесплатна правна помош за заштита на правата на жртвите на сите кривични дела.

## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во текот на 2023 година, МЗМП продолжи активно да работи на прашања поврзани со заштитата и унапредувањето на животната средина во однос на 6 правни постапки.

### Управни постапки

Во 2022 година беа поведени две постапки пред Управниот суд со кој се бара утврдување пропуштање на преземањето дејства за изготвување на плановите за управување со речни сливови и Водостопанска основа на РСМ. Во текот на 2023 година, едната тужба е отфрлена, додека, пак, другата е одбиена од страна на Управниот суд. По поднесени жалби, постапките се во тек пред Вишиот управен суд.

### Граѓански постапки

Во текот на 2023 година е отфрлена тужбата со која од граѓанскиот суд во Струга се бара да утврди прекршување на човековите права заштитени со Уставот и меѓународните договори ратификувани од Собранието како резултат на управувањето со отпад, спротивно на македонските закони поради ненадлежност на судот. По поднесена жалба, постапката сè уште е во тек пред Апелациониот суд во Битола.

Тужбите со кои од граѓанските судовите се бара да утврдат прекршување на човековите права заштитени со Уставот и меѓународните договори ратификувани од Собранието како резултат на аерозагадувањето во Скопје и во Битола се правосилно завршени поради ненадлежност на судовите, поради што е поднесена жалба пред Европскиот суд за човекови права. Постапката пред Европскиот суд за човекови права е во тек.

### Кривична постапка

Во однос на поднесената кривична пријава против носители на јавни функции поради неизвршување на законски определените надлежности, Основното јавно обвинителство Скопје во 2023 година донесе Резолуција со која наведува дека нема место за јавнообвинителска интервенција.

*►► Статистички податоци за дадени услуги на правна помош во 2023 година*

| ПРАВНА ПОМОШ НА ЛИЦА СО НИСКИ ПРИХОДИ И СЕМЕЈСТВА ВО РИЗИК |
|---|
| **472** лица што добиле примарна правна помош |
| **17** поднесени барања за секундарна правна помош БПП |
| **1** иницирана судска постапка |
| **БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ И БЕГАЛЦИ** |
| **1 218** правни информации на баратели на азил |
| **618** баратели на азил што поднеле барање во 2023 година |
| **1 134** правни совети и информации за постапката за азил дадени на лица што транизитираат низ државата |
| **903** правни информации на корисници бегалци од Косово |
| **8** иницирани судски постапки |
| **ЛИЦА БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО** |
| **503** лица без државјанство што користеле правна помош од МЗМП |
| **81** лице примено во државјанство |
| **300** лица запишани во матичната книга на родените |
| Идентификувани нови **39** лица без државјанство |
| **ЛИЦА НА ИЗДРЖУВАЊЕ КАЗНА ЗАТВОР И ПОРАНЕШНИ ОСУДЕНИЦИ** |
| **80** осудени лица што добиле правна помош |
| **9** иницирани судски постапки |
| **11** постапки иницирани пред административни органи |
| **20** лица пред и по отпустот од издржување казна затвор што добиле правна помош |
| **ПАЦИЕНТИ, ПРИСТАП ДО БОЛНИЧКА ТЕРАПИЈА И ДРУГИ ПРАВА** |
| **70** пациенти што добиле правна помош и поддршка |
| **2** иницирани постапки пред Министерството за здравство |
| **2** иницирани постапки пред ФПИОМ |
| **2** иницирани судски постапки пред Управниот суд |
| **ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ** |
| Правно советување и застапување **4** жртви на трговија со луѓе пред надлежни органи |
| **3** поднесени барања за секундарна правна помош и застапување жртви на трговија со луѓе |
| **ЖИВОТНА СРЕДИНА** |
| **15** правни информации за заштита на животна средина |
| **ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ** |
| Обезбедена правна и менторска поддршка на **41** еколошка организација |

## СТРАТЕШКО ЗАСТАПУВАЊЕ ВО 2023 ГОДИНА – КЛУЧНИ ПРЕДМЕТИ

### **ЗАПРЕНА СЕКУНДАРНАТА ПРАВНА ПОМОШ** за барателка поради неможност за покривање на трошоците за вештачење, односно трошоците за ДНК-анализа.

Барателката имала потреба од секундарна правна помош (СПП) за покренување постапка за оспорување татковство. СПП е одобрена и назначен е адвокат преку кој ќе се реализира правната помош, а барателката што стана корисничка на бесплатна правна помош (БПП) е ослободена од судските такси и трошоци поврзани со постапката пред суд, трошоци за вештачењето и административни такси. Иако е поведена судска постапка, предметот не е во можност да се насрочи поради неможноста да се изготви вештачењето за ДНК-анализа. За тоа, адвокатот преку кој се реализира СПП го известил Подрачното одделение на Министерството за правда, кое, пак, изготвило изјава за корисничката дека не е во можност да ги плати трошоците за вештачењето, ја повикале во канцеларијата на подрачното одделение и ѝ ја дале изјавата лично и своерачно да ја потпише. Врз основа на потпишаната изјава, Подрачното одделение истиот ден донело решение со кое ја прекинува СПП. Корисничката е малолетна, а нејзината мајка, која е нејзин законски застапник, е лице со оштетен слух во голема мера. За корисничката на БПП е поднесена тужба до Управниот суд поради погрешна примена на одредби на ЗБПП, непостапување по правила на постапка што претходеле пред донесувањето решение за прекин на СПП и поради погрешно утврдена фактичка состојба. Постапката пред Управниот суд сè уште е во тек во 2023 година.

### Утврдување одговорност за несовесно постапување и спротивно на правилата на медицинска струка, без потребно должно внимание

Странката е пациент, која наместо од тумор, лекувана и третирана е од друга состојба. Дополнително, на странката ѝ е извршен и ултразвук на кој очигледно е видливо постоењето голем тумор, кој и натаму, во наредните месеци, матичниот лекар го занемарува. На сопствена иницијатива, странката побарала специјалистичка помош, и поради итноста и животозагрозувачката состојба при која туморот вршел компресија врз други органи поради неговата големина, веднаш ѝ е извршен хируршки зафат. Поради неспорно несовесно постапување на лекарот што резултирало со влошување на здравјето на странката, поднесена е кривична пријава за Несовесно лекување болни од членот 207 став 1 од КЗ. По поднесената пријава, постапката сè уште е во тек.

## Повреда на член 1 од Протокол 7 од ЕКЧП

Случајот на Самије Бајрами се однесува на лице дојдено во Република Северна Македонија за време на Косовската криза од 1999 година. Во државава, ова лице добива меѓународна заштита. Нејзината заштита и заштитата на нејзините деца, кои го следат статусот на мајката, престанала затоа што таа се сметала за опасност по безбедноста, без притоа да ѝ биде дадено образложение од Секторот за азил при МВР, ниту, пак, од судовите за тоа зошто се смета за опасност по безбедноста на државата, односно без да има можност да го оспори ова тврдење. Во текот на судската постапка, Вишиот управен суд го менува основот по кој е донесена негативната одлука и освен опасноста по безбедноста, наведува дека не постојат повеќе причините за ова лице да биде под меѓународна заштита во РСМ бидејќи Косово е безбедна земја. Ова, всушност, претставува нов основ за одбивање во последна судска инстанца, кој апликантката немала можност да го побие.

Во ноември 2023 година, Европскиот суд за човекови права донесе втора позитивна пресуда во овој случај, во која судот утврди повреда на членот 1 од Протокол 7 од Европската конвенција за човекови права, воспоставувајќи правен преседан што се очекува да влијае врз понатамошното постапување со барањата за азил.



### Утврдена дискриминација по основ на попреченост

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди директна продолжена дискриминација врз основа на попреченост и повреда на правото на еднаквост и нееднаков третман при уживањето на правата на здравствена заштита од примарно, секундарно и терцијарно ниво при издржување затворска казна, извршена од страна на КПД Идризово Скопје.** Продолжената дискриминација се смета за потежок облик на дискриминација. Осуденикот, како лице со траен 100 % инвалидитет стекнат по сообраќајна несреќа во 2009 година, не можел непречено да ги извршува секојдневните активности, физиолошките потреби, ниту, пак, посетувал редовна физикална и хидротерапија како осудено лица. КСЗД ѝ препорачува на затворската установа во рок не подолг од 30 дена да преземе мерки и активности за да му овозможи на осуденото лице сместување во објект во кој ќе може без никакви препреки да се движи во својата инвалидска количка и да ги извршува секојдневните активности и физиолошки потреби во соодветни хигиенски услови.



# ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И ПОЛИТИКИ



- Објавени се **32** публикации на специфични теми од областа на правото;
- МЗМП беше дел од **10** работни групи за подготовка на закони;
- Учество во подготовка на **8** подзаконски акти;
- Дополнително МЗМП активно го следеше спроведувањето на законите и подзаконските акти во областите во кои работи и, согласно тоа, соодветно поднесуваше иницијативи за измени самостојно или заедно со група граѓански организации;
- Во 2023 година се објавија третото и четвртото издание на списанието „Правен фокус“. Во овие изданија на списанието „Правен фокус“ беа застапени **20** стручни статии изработени од **21** млад правник.

Во 2023 година, МЗМП издаде и учествуваше во изработка на 32 документи на различни теми од областите на кои работи. МЗМП објави и извештаи, анализи, студии на случај, документи за јавни политики, прирачници, инфографици и флаери, упатство, брошури и правно списание. Во рамките на публикуваните документи, застапени се сите теми на кои здружението активно работи, притоа осврнувајќи го интересот на јавноста и кон нови актуелни теми. Во продолжение следува преглед на сите документи што беа издадени и објавени во текот на 2023 година, а кои се достапни на веб-страницата на МЗМП:

**5** ИЗВЕШТАИ

**7** АНАЛИЗИ

**7** ДОКУМЕНТИ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

**2** СПИСАНИЈА

**2** ПРИРАЧНИЦИ

**4** ИНФОГРАФИЦИ И ФЛАЕРИ

**5** УПАТСТВА, СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ И БРОШУРИ

# ИЗВЕШТАИ (5)




## 1. ЗАСТАПЕНОСТ НА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНИ ПРАВНИ ВЕШТИНИ НА ПРАВНИТЕ ФАКУЛТЕТИ ВО РСМ

Целта на извештајот е преку спроведување основна студија да се утврди почетната состојба за начинот на кој се организирани правните студии на шест правни факултети во РСМ на кои во изминатите академски години во континуитет се запишуваат најмногу студенти, како и правната рамка за пристап до правничките професии. Во овој извештај се идентификувани и сличностите и разликите во начинот на кој се спроведува студиската програма за правните студии на шест правни факултети.




## 2. СЕОПФАТЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕФОРМИТЕ ВО ПЕНИТЕНЦИЈАРНИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Целта на овој сеопфатен извештај е анализа на резултатите од реформите на пенитенцијарниот систем и пенитенцијарните установи што започнаа во 2017 година, пред сѐ, во насока на заштита на осудените лица од мачење, нечовечко и/или понижувачко постапување или казнување, преку формирање внатрешни и надворешни форми на откривање, истражување и санкционирање на насилството во пенитенцијарните установи, но и во насока на подобрување на процесот на нивна ресоцијализација и зголемена употреба на алтернативните мерки при санкционирање на сторителите на кривични дела.




## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБИТЕ И УСЛОВИТЕ ВО ПСИХИЈАТРИСКИТЕ БОЛНИЦИ И УСТАНОВИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Во периодот од октомври до ноември 2023 година беа спроведени 4 посети, и тоа: ЈЗУ Психијатриска болница Скопје, ЈЗУ Психијатриска болница Негорци, ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар и Специјалниот завод Демир Капија. Овие установи беа избрани затоа што во нив се хоспитализираат лица што недоброволно се задржуваат и се лекуваат, а во психијатриските болници

има и судски одделенија каде што се чуваат и се лекуваат пациенти со мерки за безбедност одредени од судот, односно лица лишени од слобода.

Наодите во извештајот се базираат врз спроведени посети од страна на тимот за мониторинг, кој за време на посетите изврши увид во просториите на установите, спроведе разговор со директорите на установите, како и со вработените психијатри, лекари, психолози, социјални работници, медицински сестри, негуватели, болничари, пациенти, итн.




## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБИТЕ И УСЛОВИТЕ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО 2023 ГОДИНА

Извештајот содржи наоди за состојбите и условите детектирани при спроведувањето четири последователни посети во КПД Идризово, КПД Штип, КПД Прилеп и Затвор Куманово во периодот од мај до јуни 2023 година.






## 5. НАЦИОНАЛЕН МОНИТОРИНГ ИЗВЕШТАЈ ЗА КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Овој извештај претставува збир на информации и практики на релевантните чинители што се вклучени во спречувањето и борбата против криумчарењето на мигрантите и заштитата на правата на криумчарените мигранти. Во националниот мониторинг извештај се сумирани и прикажани податоци собрани преку интервјуа и теренски посети за практиките и постапувањата на сите државни и недржавни актери вклучени во системот за борба против криумчарењето и заштита на криумчарените мигранти и жртвите на трговија со луѓе во Република Северна Македонија, со особен фокус на мандатот и надлежностите на институциите, меѓусекторската соработка, практичните аспекти, теренската работа и воспоставените практики во земјата.

# А Н А Л И З И ( 7 )



## 1. СОЗДАВАЊЕ (НЕ)ПРАВДА: АМНЕСТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РЕХАБИЛИТАЦИЈАТА И РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА

Примарната цел на оваа анализа е да се утврди дали носењето чести закони за амнестија има позитивно влијание врз рехабилитацијата и ресоцијализацијата на осудените лица, односно да се даде одговор на прашањето дали тие (би) биле успешно реинтегрирани во општеството или вратени во затворите набргу по ослободувањето.

Издавач на оваа анализа е МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО, меѓутоа МЗМП учествуваше и даде свој придонес во неговата изработка.

---






## 2. СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПРОБАЦИСКАТА СЛУЖБА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Целта на оваа анализа е детално следење на имплементацијата на Стратегијата и создавање и имплементирање независен систем за следење. Пробацијата, всушност, значи создавање ефективен систем на санкции и заштитни механизми што придонесуваат за намалување на криминалот, зголемување на заштитата на општествената и јавна сигурност, како и ресоцијализација и интеграција на осудените лица.

Издавач на оваа анализа е Хелсиншкиот комитет за човекови права, меѓутоа МЗМП учествуваше и даде свој придонес во неговата изработка.



## 3. ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ И ПРАВОТО НА ПАРИЧНИ НАДОМЕСТОЦИ ЗАРАДИ ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА

Целта на анализата е да даде препораки засновани врз докази што ќе им овозможат пристап на земјоделците до овие права согласно најдобрите стандарди и практики, а притоа земајќи ги предвид спецификите на земјоделската работа, рамката на системот на социјално осигурување во РС Македонија и, секако, посебниот правен и општествен контекст. Анализата е изработена за потребите на Мрежата за заштита од дискриминација (МЗД), која веќе подолг период укажува на овој проблем и бара негово одржливо, долгорочно и системско решавање.




## 4. ПРАЗНИНИ И ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ЕФИКАСНА ПРАВДА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ

Оваа анализа ќе послужи да се согледа степенот на заштита на правото на приватност и слободно располагање со личните податоци во правосудниот сектор, односно дали Законот за заштита на личните податоци на сеопфатен начин ги уредува прашањата за собирање, чување, пренос и обработка на личните податоци, а особено начелата поврзани со обработката на личните податоци од аспект на имплементација во практиката од страна на правосудните органи. Воедно, направена ќе биде процена на надлежноста и идентификување недоследности на судството и јавното обвинителство при овозможувањето ефикасна правда за заштита на човековите права, правото на приватност и личните податоци во дигиталниот простор.





## 5. АНАЛИЗА ЗА ПОТРЕБА ОД ОБУКИ И КУРИКУЛУМ ЗА ОБУКА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ ВО ОНЛАЈН ПРОСТОРОТ

Целта на изработката на оваа анализа за потребите од обуки (АПО) е утврдување на реалната слика за познавањата на судиите и јавните обвинители што ги имаат на темата заштита на личните податоци, особено од аспект на постапување во предмети каде што ова е основното правно прашање, и утврдување на потребата за основна/дополнителна обука на оваа тема.

Притоа, крајната цел е зајакнување на капацитетите на судството и јавното обвинителство во ефикасна заштита на приватноста на граѓаните, како и другите права и основни слободи засегнати од новите технологии во дигиталниот простор во согласност со правото и стандардите на ЕУ. Во оваа насока, по изготвувањето на оваа анализа, ќе се утврди и ќе се подготви акциски план за обуки во судството и јавното обвинителство, кои ќе помогнат во зајакнувањето на капацитетите на овие институции при постапување во предмети на веќе споменатата тема. Овој акциски план и предлог-обуки, преку соработка со АСЈО, ќе се инкорпорираат во програмата на Академијата.




## 6. АНАЛИЗА НА РАЗВОЈОТ И ОДРЖЛИВОТО ПЛАНИРАЊЕ НА ТРАНСПОРТОТ ВО РСМ ОД АСПЕКТ НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Основната цел е преку анализа на состојбата и развојот на транспортот како извор на стакленички емисии да претставува водич во националното законодавство за граѓанскиот сектор, со што ќе се подобрат капацитетите на граѓанските организации за застапување и следење на правните процеси поврзани со оваа област.

Иста така, целта на оваа анализа е да се зголеми свеста на граѓанските организации и пошироката јавност за можностите за развој на зелени сектори со ниско ниво на емисии, но и да се зголеми притисокот на јавноста врз институциите со цел развој на политики, програми и спроведување мерки во насока на намалување на емисиите на стакленички гасови и декарбонизација.








### 7. АНАЛИЗА НА АДМИНИСТРАТИВНАТА ПОСТАПКА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА СОЛАРНИТЕ СИСТЕМИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Овој документ го анализира законодавството што беше воспоставено во Северна Македонија со цел да се олесни поставувањето сончеви колектори и да се утврди дали е тоа јасно, прецизно и дали навистина го олеснува поставувањето и користењето на сончевите колектори. Документот се осврнува на поставувањето соларни системи од аспект на потрошувачите/производители.

Документот ги идентификува недостатоците во законодавството за функционирање на соларните системи во домаќинствата производители/потрошувачи од формално-правен аспект, степенот на спроведување на законодавството и идентификува добри законодавни практики што ќе овозможат дополнително олеснување на функционирањето на соларните системи во домаќинствата производители/потрошувачи.



## ЈАВНИ ПОЛИТИКИ (7)



### 1. КОН ОСТВАРУВАЊЕТО ПРАВО НА ПАРИЧНИ НАДОМЕСТОЦИ ПОРАДИ ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ/-КИ

Овој документ предлага препораки за овозможување пристап на индивидуалните земјоделци/-ки до права на парични надоместоци во случај на привремена спреченост за работа. Препораките се засноваат врз меѓународни стандарди и најдобри европски практики. Отсуството на надоместок во случаите кога лицето поради објективни причини не може да ја врши земјоделската дејност од која обезбедува приход го зголемува ризикот од сиромаштија и социјална исклученост. Овој документ предлага неколку мерки за остварување на оваа цел.




## 2. КОРИДОРИТЕ 8 И 10Д. ДАЛИ ИМАМЕ ДОВОЛНО ГАРАНЦИИ ДЕКА ИЗГРАДБАТА НА АВТОПАТИ НЕМА ДА ВЛИЈАЕ НЕГАТИВНО ВРЗ ШУМСКИОТ ФОНД

Документот содржи правна анализа на импликациите од предложените измени во правната рамка неопходна за реализација на проектот низ призмата на заштитата на животната средина. Исто така, документот ги идентификува и укажува на стандардите на правото на ЕУ, како и на практиката на Судот на правдата на ЕУ што се однесува на заштитата на шумите. Врз основа на анализата, документот предлага препораки за унапредување на политиките што ќе овозможат градење автопати со минимално влијание врз шумите и животната средина.

---




## 3. ЈАГЛЕРОДНИОТ НАДОМЕСТОК – МОЖНОСТ ЗА ПОЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ГРАЃАНИТЕ

Целта на овој документ е да го презентира Законот за климатска акција и информирање за неговата применливост и соодветен коментар на самиот закон. Во самиот документ се истакнува дека воведувањето на јаглеродниот надоместок може да претставува можност за наменско трошење на парите и унапредување на животната средина за граѓаните. На крајот се истакнати најзначајните препораки што ќе доведат до полесно справување со климатските промени.

---




## 4. СТРАТЕШКО УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ НА ЦЕНТРАЛНО НИВО

Основната цел на овој документ е да се идентификуваат најважните стратешки документи (стратегии и планови) за долгорочно управување со животната средина и климатските промени, да се идентификува степенот на спроведување на законодавството за долгорочно управување со животната средина од формален и од суштински аспект и да се идентификуваат недостатоците при спроведувањето на законодавството.




### 5. СТРАТЕШКО УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ЛОКАЛНО НИВО

Основната цел на овој документ е да се идентификува степенот на спроведување на законодавството за долгорочно управување со животната средина на локално ниво од формален и од суштински аспект и да се идентификуваат недостатоците при спроведувањето на законодавството.




### 6. ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА НАСПРОТИ ДЕКАРБОНИЗАЦИЈАТА ВО РСМ

Целта на документот е преку приказ на определените одлуки и документи да посочи и да го постави прашањето дали преземените обврски и заложби на државата за транзиција кон нискојаглеродна економија се можни и остварливи, односно дали може да станат реалност или ќе останат мртво слово на хартија.






### 7. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВИ НА ТРУДОВА ЕКСПЛОТАЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Целта на овој документ е да ја презентира моменталната состојба на Западен Балкан поврзана со трговијата со луѓе поради трудова експлоатација, како и да даде заклучоци и препораки. Предложените препораки се стремат да придонесат за креирање мерки и активности што ќе доведат до намалување на степенот на ранливост на работниците, подобрена регионална соработка и намалување на ризиците од трговија со луѓе, особено на трудовата експлоатација.



# ПРИРАЧНИЦИ (2)




### 1. ЗЕЛЕНА АГЕНДА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ОБВРСКИТЕ НА ОПШТИНИТЕ

Главната цел на овој прирачник е да им се укаже на општините во РС Македонија за петте основни цели на Зелената агенда за Западен Балкан каде што влегуваат: Декарбонизација: климатска акција, зелена енергија и одржлив транспорт; Циркуларна економија; Борба против загадувањето: вода, воздух и почва; Одржливо производство на храна и одржливи рурални средини; Биодиверзитет: Заштита и реставрација на природата и екосистемите.





### 2. ЗАКОНСКИ ОДРЕДБИ ЗА ПРАШАЊА И ОБЛАСТИ КОРИСНИ ЗА РАБОТАТА НА ЕКОЛОШКИ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Преку овој документ се дава преглед на најважните одредби од релевантните закони што го регулираат секое од прашањата опфатени со видеата наменети за еколошките граѓански организации, кои обработуваат различни прашања што се важни за работата на граѓанските организации.

Целта на видеата е да се зголемат познавањата на граѓанските организации за начинот на кој може да се вклучат во донесувањето одлуки поврзани со животната средина.

# ИНФОГРАФИЦИ И ФЛАЕРИ (4)




1. АНАЛИЗА НА РАЗВОЈОТ И ОДРЖЛИВОТО ПЛАНИРАЊЕ НА ТРАНСПОРТОТ ВО РСМ ОД АСПЕКТ НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ




2. СВЕСНОСТА НА ГРАЃАНИТЕ НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ







3. ПОСТАПКА ЗА АЗИЛ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ЧЕКОРИ, ПРАВА И ПОСТАПКИ





4. ПОСТАПКА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО МАТИЧНАТА КНИГА НА РОДЕНИТЕ

# С Т У Д И Ј А  ( 1 )



### 1. СОСТОЈБАТА СО ПОСТПЕНАЛНАТА ПОМОШ И РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Оваа основна студија е фокусирана на значењето на постпеналната помош и нејзиното ефикасно спроведување во насока на превенирање на рецидивизмот, а со тоа успешна реинтеграција на лицата назад во општеството, од што корист ќе имаат и лицето и општеството во целина. Преку спроведеното истражување базирано врз примарни и секундарни податоци, извршена беше евалуација на спроведувањето на постпеналната помош во нашата земја и беа формулирани препораки за нејзина ефикасна примена во функција на спречување на рецидивизмот и успешна реинтеграција на лицата по отпуштање од казнено-поправна установа.



Издавач на оваа анализа е МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО, меѓутоа МЗМП учествуваше и даде свој придонес во неговата изработка.

# У П А Т С Т В О  ( 1 )



### 1. УПАТСТВО ЗА НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ СО ЦЕЛ АКТИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ АКТИВИСТИ И МЛАДИНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ПРОЦЕСИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ЛОКАЛНО НИВО

Ова упатство е наменето за младите во Република Северна Македонија, односно за младите активисти, младинските организации, граѓанските организации за млади и граѓанските организации што работат со млади, кои дејствуваат, односно сакаат да дејствуваат и да придонесат за борбата против климатските промени и заштитата на животната средина. Ова упатство содржи информации за најдобрите практики за активно вклучување на младите во процесот на заштита на

животната средина, практики што се земени предвид од страна на најразвиените држави членки на ЕУ и државите што предничат со младинско учество во процесите што се однесуваат на заштитата на животната средина и климатските промени.

# БРОШУРИ (3)




## 1. 20 ГОДИНИ МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ

Основано во 2003 година, Македонското здружение на млади правници (МЗМП) денес е независна, непрофитна организација што ги брани и ги промовира принципите вградени во Уставот преку обезбедување правна помош за сиромашните и немоќните, застапувајќи се за праведно општество каде што индивидуалните слободи и животната средина се целосно заштитени.

Нашата посветеност се протега преку иницирање и застапување за промени во законите и политиките преку истражувања и анализи, зајакнување на капацитетите на правните професионалци и соработка со сите релевантни чинители. Како водечка организација што придонесува за подобро и поправедно општество, ние замислуваме иднина во која луѓето живеат во слобода и еднаквост, во безбедна и здрава животна средина.

Нашата сеопфатна правна помош опфаќа обезбедување правни информации и совети, како и застапување во судски и во управни постапки, кога е потребно. МЗМП располага со тим од 24 правници, а во случаите за кои е потребно застапување, МЗМП соработува со мрежа на адвокати ширум земјата, обезбедувајќи пристап до правда за сите, особено за најранливите.





## 2. ПРАВНА АПТЕКА

Во рамките на проектот Правна аптека, изработена е кратка брошура со најчестите прашања и проблеми на пациенти со ретки и малигни болести.



## 3. БРОШУРА ЗА ПОСТАПКА ЗА ПРИЕМ ВО ДРЖАВЈАНСТВО НА ЛИЦА БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО




Брошурата содржи информации за постапката за прием во државјанство на лица без државјанство, потребни документи, чекори, законска рамка, видови државјанство итн.



# СПИСАНИЈА (2)

## ПРАВЕН ФОКУС

Списанието „Правен фокус" е публикација што започна да се издава во 2020 година. Целта на списанието е создавање професионален форум за објавување стручни статии што ќе послужат како медиум, каде што правничкото мислење и визијата на младите правници се презентирани на кохерентен начин, а истовремено поттикнуваат идеи за понатамошно подобрување на правниот систем. Во таа насока, Македонското здружение на млади правници посветено работи на промовирање и поттикнување критичко размислување од страна на млади правници за клучните прашања што влијаат врз заштитата на човековите права и врз принципот на владеење на правото.




## 1. Трето издание на списанието „Правен фокус“

Во третото издание на списанието се застапени 10 стручни статии од млади правници, кои пишуваа на теми поврзани со права на пациенти и/или пристап до здравствена заштита. Стручните статии во списанието „Правен фокус“ претставуваат самостојна работа на авторите, а целта е придонес за темите што се обработуваат.

Темите што се обработуваат се: асистирана репродукција - предности и недостатоци на македонското законодавство, правото на надоместок на штета како право на пациентите, свесност и информираност на пациентите во Пелагонискиот Регион за нивните права, заштита на правата на пациентите при вршење медицински експериментални интервенции, човековите права во биомедицината – етичките и правните аспекти при донирањето органи, ткива или клетки за трансплантација, несовесно лекување болни како повреда на правото на здравствена заштита во Република Северна Македонија, улогата на пациентскиот омбудсман во Република Финска и Кралството Норвешка во заштита на правата на пациентите, мортификацијата на достоинството и солидарноста во период на здравствена криза, систем и организација на здравствена заштита на корисниците на дрога како пациенти.




## 2. Четврто издание на списанието „Правен фокус“

Во четвртото издание на списанието се застапени 10 стручни статии од млади правници, кои пишуваа на теми за дигиталните технологии и правната регулација. Стручните статии во списанието „Правен фокус“ претставуваат самостојна работа на авторите, а целта е придонес за темите што се обработуваат.

Темите што се обработуваат се: вештачката интелигенција – современ предизвик на авторското право, социјална динамика vs. право: влијанието на технологијата врз општествените појави, спецификација на кривичните дела во просторот во Република Северна Македонија: состојби и перспективи, правата на потрошувачите при онлајн продажба во РСМ, дигиталната демократија и нејзините позитивни практики во РСМ, вештачка интелигенција наспроти владеење на правото, примена на правната

регулатива за заштита на правата на потрошувачите во РСМ со фокус на повреда на правата во онлајн просторот, регулирање на онлајн медиумите: потребата за современа законодавна рамка во дигиталната ера, поим и појавни облици на родово засновано насилство во сајбер просторот во РСМ, заштита од говор на омраза на социјалните мрежи во РСМ.

# УЧЕСТВО ВО ИЗРАБОТКА НА ПРОПИСИ

**ВО ТЕКОТ НА 2023 ГОДИНА, МЗМП И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЗДРУЖЕНИЕТО БЕА ВКЛУЧЕНИ И ДАДОА СВОЈ ПРИДОНЕС ВО 10 РАБОТНИ ГРУПИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ЗАКОНИ.**

## 1. ЗАКОН ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА

МЗМП учествуваше во работната група за подготвување на Законот за измени и дополнување на Законот за матичната евиденција организирана од страна на Министерството за правда. Како организација со најголемо искуство, МЗМП беше назначено за подготовка на законските измени со кои ќе се најде решение за запишување во матичната книга на родените на 700 лица што беа идентификувани на јавниот повик во 2018 година.



## 2. ЗАКОН ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЖИВЕАЛИШТЕ И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ

МЗМП достави свои предлози и коментари на доставените амандмани на предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување живеалиште и престојувалиште на граѓаните.

## 3. ЗАКОН ЗА ЛИЧНАТА КАРТА

МЗМП достави свои предлози и коментари на предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта. Придонесот на МЗМП се однесува на предлог на законските измени со кои ќе се олесни пристапот на граѓаните за издавање лична карта за првпат по навршувањето полнолетство, но дополнително МЗМП дава свој придонес и коментари и во самата структура и во содржината на членовите содржани во Законот.

## 4. ЗАКОН ЗА СТРАНЦИ

МЗМП ги подготви измените на Законот за странци и тие беа усвоени во Собранието. Со овие измени се донесе нова одредба со која се предвидува можност за бегалците од Косовската криза од 1999 година, кои се останати во државата, да добијат постојан престој и да се реши ова нивно долгогодишно прашање.

## 5. ЗАКОН ЗА КЛИМАТСКА АКЦИЈА

МЗМП, како дел од групата организации од Коалицијата за клима, заедно со останатите организации дадоа свои забелешки во однос на предлог Законот за климатска акција. Дел од забелешките веднаш беа усвоени и беа извршени промени во самиот текст на Законот.

## 6. ЗАКОН ЗА КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ ВО ГРАЃАНСКА ПОСТАПКА

МЗМП, како дел од Блупринт платформата на граѓански организации со која воедно раководеше МЗМП во текот на 2023 година, учествуваше во работната група за Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка и достави предлози и забелешки во однос на процесот, концептот на самиот закон, како и во однос на содржината на некои конкретни одредби, но кон крајот на септември 2023 година, членовите од оваа група го напуштија процесот поради штетните измени на Кривичниот законик од 6.9.2023 година, што е суштински поврзан со борбата против криминалот и корупцијата.

## 7. ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РСМ

Претставници на Блупринт групата во Работна група за измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија даваат придонес за прецизирање повеќе одредби во однос на одговорноста на членовите и постапката за избор на членовите на ССРСМ од редот на судиите и од редот на истакнатите правници.

## 7. ЗАКОН ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ, ЗАКОН ЗА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА, ЗАКОН ЗА АГЕНЦИЈАТА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

Претставници на Блупринт групата се дел од работните групи за измени и дополнувања на овие три закони, меѓутоа до крајот на 2023 година сè уште не беше започната нивната работа.

# ПОДЗАКОНСКИ АКТИ

## 1. ПОДЗАКОНСКИ АКТИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

МЗМП учествуваше во изготвувањето четири подзаконски акти за Управата за извршување на санкциите што произлегуваат од Законот за извршување на санкцииите. Во моментов, сите четири подзаконски акти се во нацрт-верзија.



## 2. НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ 2024-2026

МЗМП дефинира и достави 3 заложби до Владата на Република Северна Македонија во областа „животна средина и климатски промени" и 1 заложба во областа „пристап до правда" во процесот на подготовка на предлог-заложбите. Од сите доставени заложби, само една беше прифатена, меѓутоа Националниот акциски план сè уште не беше усвоен во текот на 2023 година.

## 3. СТАНДАРДНИ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ТРУЕЊЕ ДИВИ ЖИВОТНИ

МЗМП беше дел од процесот на изготвување Стандардни оперативни процедури за труење диви животни во делот за разработување кривична и прекршочна постапка и доставување коментари на текстот во останатите делови.

## 4. ИЗРАБОТКА НА РАЗВОЈНА СЕКТОРСКА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРАВОСУДСТВО 2024-2028

Претставници на Блупринт групата во Работна група за развојна стратегија за правосудството 2024-2028 дадоа придонес, меѓу другото, и за области од значење за пристапот до правда.

## 5. НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ПЕНИТЕНЦИЈАРНИОТ СИСТЕМ ВО РСМ

МЗМП има свој претставник, кој е избран од Управата за извршување на санкциите, во интерресорската група и тој присуствува на сите состаноци за следење на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во РСМ (2021-2025).



# ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА



- **42** млади правници се стекнаа со практични знаења и вештини, а вработени се повеќе од 15 млади правници со поддршка на МЗМП;

- **814** млади правници, студенти, адвокати, претставници од правосудни и владини институции, претставници на образовниот систем, претставници на граѓанското општество, претставници на државни органи, новинари, како и населението беа обучени во соодветна област;

- Одржани се вкупно **55** обуки, работилници, предавања, академии, стратешки форуми и едукативни сесии (настани) на различни теми од областа на правото.

## ПРОГРАМА ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА

Во периодот од 2015 до 2023 година Програмата за практикантска работа успешно ја имаат завршено 651 млад правник

Целта на Програмата за практикантска работа е зајакнување на професионализмот и градење на капацитетите на младите правници. Со цел зголемување на конкурентноста на пазарот на трудот и зајакнување на нивните практични правни вештини, младите правници посетуваат практична работа во конкретни институции и канцеларии, но се дел и од сет на обуки што ќе им помогнат во стекнувањето дополнителни знаења и вештини.

Во 2023 година се спроведоа 3 циклуси од Програмата за практикантска работа и беа вклучени 42 практиканти што имаа пракса во времетраење од 3 месеци. Покрај тримесечната практична работа во рамките на Програмата, практикантите беа дел од следниве обуки на теми:

- Практични правни вештини и основни етички вредности на правната професија;
- Вештини за барање работа во правната професија;
- Сензибилизација.

---

Во дел од Програмата за практикантска работа, практикантите ја извршуваа својата пракса во следниве градови: Скопје, Тетово, Прилеп, Куманово и Битола. Соработката на МЗМП во текот трите спроведени циклуси од Програмата за практикантска работа се остваруваше со:

- **4** основни судови
- **2** невладини организации
- Уставниот суд на РСМ
- Управниот суд на РСМ
- Комисијата за спречување и заштита од дискриминација
- Канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје
- Министерството за животна средина и просторно планирање
- **6** адвокатски канцеларии

Стекнувањето прво работно искуство преку спроведувањето практична работа од страна на млади дипломирани правници има клучна улога во правното образование и може да биде успешен дел во борбата против невработеноста кај младите, правејќи ги притоа конкурентни кандидати за идно вработување. Во 2023 година, 62 % од практикантите оцениле дека нивната конкурентност на пазарот на трудот е зголемена по завршувањето на Програмата, додека, пак, 7 млади правници продолжија со пракса или се ангажирани на друг начин.



## Александар Темелкоски

## ПРАКТИКАНТ ВО ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ

„На секој од нас, студентите по право, ни недостига пракса" - реченица што секој млад правник ја има кажано барем еднаш во текот на своето студирање. Тргнувајќи токму од таа намера, по моето дипломирањето се решив да побарам пракса во однос на тоа што го учевме изминатите години на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Затоа и аплицирав на повикот од МЗМП. И без двоумење можам да кажам дека тие три месеци беа најдобрите три месеци откако го започнав моето студирање. Имено, јас бев практикант во Основниот кривичен суд Скопје.

Практичната работа првенствено имаше одлична организација, бидејќи на секој млад правник без искуство му овозможува да започне од почеток, од основните работи за тоа како функционира самиот суд, па потоа да биде воведен подлабоко во работењето на судот, самите судии, донесувањето на судските одлуки и одржувањето на рочиштата. Од друга страна, особено сум му благодарен и на судијата со кого работев за сето пренесено знаење, труд и енергија што ги вложи во мене. Исто така, би сакал да го издвојам и фактот дека оваа Програма нуди практикантска работа и во останатите градови низ државата, што е особено позитивно и важно за останатите студенти и млади правници што имаат желба да се стекнат со правна пракса.

Несомнено, повеќето вакви и слични проекти во нашето општество се и повеќе од добредојдени и се нешта што прават позитивни разлики токму во овие години, кога сме на почетокот на нашите правнички кариери. Се надевам дека ваквиот проект ќе трае уште долги години!

**„НА СЕКОЈ ОД НАС, СТУДЕНТИТЕ ПО ПРАВО, НИ НЕДОСТИГА ПРАКСА"**



## Софија Петличковска

## ПРАКТИКАНТКА ВО КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Програмата за практикантска работа на МЗМП е едно одлично искуство и можност за сите правници што се на почетокот на својата професионална кариера, а и за мене претставуваше екстремно лесна транзиција од завршувањето на додипломските студии кон спроведување на теоретското знаење во пракса. Самиот факт што ваквата практикантска работа придонесува за тоа младите правници да се запознаат со правниот систем на државата, а воедно и со многубројни државни/независни/невладини органи, е клучен, особено за оние што се двоумат од каде да почнат, поради тоа што овозможува вмрежување и стекнување практични знаења за сите млади правници што сакаат да ги развијат своите професионални вештини. Од друга страна, обуките организирани од МЗМП во составот на практикантската работа имаат огромен придонес за нашиот понатамошен развој како правници, како и сензибилизација и стекнување корисни практични правни вештини. Преку практикантската работа што ја извршував во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, не само што имав можност да се запознам со законската регулатива за спречување и заштита од дискриминација, работата на Комисијата и екстензивната заштита на правата што им ја нуди на граѓаните, туку и дополнително ми беше овозможено да продолжам со работа во КСЗД и по завршувањето на тримесечниот период во кој се одвиваше самата практикантска работа, при што континуирано се стекнувам со знаење од оваа област и ја развивам мојата професионална кариера како млад правник. Особено задоволство ми претставува фактот што се стекнав со сите практични правни вештини, искуства, можности за дооформување на мојот професионален развој и, на крајот, се разбира - новите колеги и пријателства што произлегоа од неа.



## Теодора Цветановска

## ПРАКТИКАНТ ВО СТАНИЦА П.Е.Т.

Стекнатото знаење во текот на четиригодишните студии на Правниот факултет во Битола успеав да го применам во пракса токму преку Програмата за практикантска работа организирана од МЗМП. Извршувањето на праксата во Здружението СТАНИЦА П.Е.Т. ми овозможи одблиску да го согледам функционирањето на граѓанскиот сектор, секојдневната работа и комуникација со странки, давањето правна помош и услужувањето различни маргинализирани групи.

Како практикант во СТАНИЦА П.Е.Т., добив можност да бидам дел од различни обуки, конференции и настани што имаа голем импакт во зголемувањето на моето знаење, искуство, комуникациски и организациски вештини, а со тоа и во зголемувањето на мојата конкурентност на пазарот на трудот. На тој начин имав можност да се запознам со голем број претставници од државните институции и претставници од други граѓански организации од Република Северна Македонија и од други држави низ светот. Вработените во СТАНИЦА П.Е.Т. несебично ни го пренесуваа своето знаење и постојано нè вклучуваа во процесот на работа на организацијата. Фокусот на организацијата е на правното зајакнување и пристапот до правда за маргинализираните групи граѓани, а јас се стекнав со особено искуство и вештини во однос на правилната комуникација со маргинализираните групи и во однос на тоа на кој начин да им ја дадам помошта што им е потребна.

Искуството што го стекнав за време на мојата практикантска работа ми овозможи подобро да ги осознам средината околу мене, правните потреби и проблемите со кои се соочуваат граѓаните во мојата заедница, но и начинот на кој можам да дадам придонес во надминувањето на правните пречки и недостатоци при примената на правните правила во нашата држава.

Како резултат на успешно завршената Програма за практикантска работа, успеав да ја продолжам својата пракса, која е стипендирана од страна на „Career Transition Support Program“, програма поддржана од Германија.

## ХЕЛП ДЕСК – КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ПОДДРШКА НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ

Канцеларијата за поддршка на млади правници, која беше воспоставена во 2018 година, продолжи да им нуди помош и поддршка на младите правници при барањето работа или пракса преку поврзување на младите правници со потенцијални работодавачи, како и помош при изработката на кратка биографија, мотивациско писмо и подготвување за интервју за работа.

Споделени беа **50** повици за работни позиции и ангажмани

Споделени беа **30** повици за едукативни настани

Вработени или ангажирани беа **18** млади правници

**Во текот на 2023 година:**

МЗМП има формирано база на податоци што содржи информации за отворени работни позиции и повици за практикантство/волонтерство за млади правници, кои редовно се споделуваат преку е-пошта, со цел младите правници што бараат работа да се поврзат со правни фирми, канцеларии и организации. Дополнително, преку оваа алатка, МЗМП постојано споделува информации во однос на обуки и работилници што се наменети за млади правници со цел зајакнување на нивните капацитети во правни области.





## ПОДДРШКА НА ЦЕНТАРОТ ЗА КАРИЕРА ПРИ ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

Во текот на 2023 година, МЗМП обезбеди поддршка (финансиска и консултантска) за основање и работа на Центарот за кариера, како посебна организациска единица во рамите на Правниот факултет „Јустинијан Први“. Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) овозможува и посредува при вршење практична работа и волонтирање на студентите по право преку контакти со Алумни заедницата и субјектите со кои Правниот факултет има воспоставено соработка и преку онлајн платформата за посредување, како и организирање обуки и работилници со цел професионален развој на студентите.

Во рамките на 2023 година, во просториите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ се одржаа 6 работилници за кариерен развој и јакнење на практичните вештини, на кои присуствуваа вкупно 143 студенти по право.



## ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРИВАТНОСТА

МЗМП активно работи на зајакнување на младите со знаење за ризиците за приватноста на интернет, подготвувајќи ги со основните вештини за безбедна навигација во дигиталниот свет. Преку едукативни иницијативи и активности за застапување, МЗМП ги зголемува свеста и разбирањето кај младите за важноста на заштитата на личните податоци онлајн, истовремено залагајќи се за развој и имплементација на политики за заштита на дигиталната приватност.

За таа цел, во текот на 2023 година, МЗМП ги зајакна капацитетите на 15 млади активисти од различни организации што се стекнаа со основни знаења за заштита на личните податоци, приватноста на интернет и стратегиите за успешна кампања.

Дополнително, МЗМП се фокусира на оваа тема во четвртото издание од списанието „Правен фокус“, каде што 10 млади правници пишуваа на тема дигитални технологии и правна регулација. Наодите и заклучоците од младите правници беа презентирани на отворена панел-дискусија, на која присуствуваа и експерти од областа.

ВО ТЕКОТ НА 2023 ГОДИНА:

СЕ ОДРЖАА **55** НАСТАНИ

НА **14** ПРАВНИ ОБЛАСТИ

**814** ОБУЧЕНИ

| ►► ОБЛАСТИ НА ОРГАНИЗИРАНИ НАСТАНИ ВО 2023 ГОДИНА: |
|---|
| ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА |
| ЗАШТИТА НА ДЕЦА ВО РИЗИК И ДЕЦА ЖРТВИ |
| ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА ЛИЦА ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА И РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ОСУДЕНИ ЛИЦА |
| СОЦИЈАЛНИ, ЗДРАВСТВЕНИ ПРАВА И РОДОВА ЕДНАКВОСТ |
| ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА |
| АЗИЛ И МИГРАЦИИ |
| ДРЖАВЈАНСТВО И БЕЗДРЖАВЈАНСТВО |
| ПРАВНИ МЕХАНИЗИМИ И ПОЛИТИКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА |
| ПРАВОСУДСТВО |
| ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ДИГИТАЛНАТА ПРИВАТНОСТ |
| ПРЕВЕНЦИЈА ОД РАДИКАЛИЗАЦИЈА И НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ И БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ |
| ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ И СТУДЕНТИ ПО ПРАВО |
| ВНАТРЕШНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКИ ЕКОЛОШКИ ОРГАНИЗАЦИИ |
| МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСИ НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ |

# ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ



- Доделени грантови за граѓански организации

- Во текот на 2023 година, Македонското здружение на млади правници поддржа **19** проекти на **19** граѓански организации.

| Ред. бр. | Име на организација | Име на проект | Цел на застапување | Износ на грант |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **ХОПС** | „СЕКОЈ ЗАСЛУЖУВА НОВА ШАНСА“ | Олеснување на реинтеграцијата и ресоцијализацијата на осудените лица пред отпуст, поранешно осудени лица и лица спрема кои се извршуваат пробациски работи преку обезбедување правна и психосоцијална помош и поддршка | 20.000 евра |
| 2. | **Надеж** | ПОДДРШКА ЗА НОВ ПОЧЕТОК на жените осуденички, претходно осудени и жени под пробациски надзор од град Скопје | Општата цел на проектот е да им помогне на најранливите жени осуденички, претходно осудени и/или жени под пробациски надзор (идеално на возраст до 40 г. самохрани мајки, жени што немаат свој дом и/или немаат каде да престојуваат по извршување на казната, жени Ромки, жени со низок образовен статус и жени без занимање) да живеат одговорен и ненасилен живот, да се дистанцираат од минатото и да преземат активна улога во планирањето на сопствената иднина по излегувањето од затвор и/или по отслужување на казната | 20.000 евра |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | **Станица П.Е.Т.** | Локален сервис за зајакната реинтеграција и ресоцијализација | Зајакнување на осудените лица преку подобрување на можностите и условите за нивна ресоцијализација и реинтеграција на локално ниво. | 20.000 евра |
| 4. | **Здружение на граѓани Креативен центар Карпош - КЦК Скопје** | „Водно во Карпош, Карпош на Водно- паралелен еко-мониторинг на Водно и Карпош, заштита на биодиверзитетот на парк-шумата Водно и изучување содржини за Водно во училиштата во Општина Карпош“ | Активно учество на учениците – креативци од Креативниот центар Карпош во воспоставување паралелен мониторинг во однос на квалитетот на животната средина и биодиверзитетот на Водно и негово одржување | 416.000 денари |
| 5. | **Здружение на правници ЛЕГАЛ ТИНК - Штип** | „Клиничка програма за еколошка правда“ | Општа цел на проектот е да го зајакне влијанието на младите во политиките за заштита на животната средина преку правно и стратешко застапување | 429.800 денари |
| 6. | **Центар за истражување и анализи НОВУС - Струмица** | „Одржлива синергија за зајакнување на колективното еко-влијание“ | Општата цел на проектот е да се промовираат одржливи практики, управување со животната средина и ангажман на заедницата во струмичкиот микрорегион, со фокус на унапредување на зелените политики, справување со еколошките предизвици и поттикнување колективна одговорност за позелена иднина | 412.850 денари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | **Здружение за меѓународна младинска соработка Интерактив - Битола** | „Модерно е зелено - Мапирај за чиста Пелагонија“ | Зајакнување на капацитетот на младите и младинските организации за спроведување акции за зелени општини | 430.500 денари |
| 8. | **Здружение за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ - Кавадарци** | „Здружени и активно вклучени млади во Кавадарци“ | Вклучени млади во сите процеси на општеството, зголемено влијание на организациите за млади во Кавадарци во процесот на креирање политики поврзани со животната средина на локално ниво | 349.900 денари |
| 9. | **Здружение на граѓани ЕКОВИТА - Неготино** | „Пустиња на смогот“ | Зелена урбана средина | 430.529 денари |
| 10. | **Здружение за индивидуален, организациски и општествен развој РАСТ И РАЗВОЈ - Скопје** | „Зелена иднина: Зајакнување на младите за одржливи решенија за управување со отпадот“ | Зајакнување и ангажирање на младите во застапување за подобри практики за управување со отпадот во Општина Центар | 418.300 денари |
| 11. | **Здружение за истражување и промоција на енергетска ефикасност и одржлив развој СКЕЕОР - Скопје** | „GreenCircle – Младите за позелени заедници преку циркуларност и енергетска ефикасност“ | Проектот има цел да го зајакне влијанието на младинските активисти и младинските организации во политиките и процесите за заштита на животната средина што се спроведуваат на локално ниво | 415.500 денари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | Здружение за заштита на животна средина Еко Герила - Преспа | „ЕКО УРБАНА ЗОНА“ | Придонес за квалитетна еко-понуда за туризмот во Преспа | 430.100 денари |
| 13. | Центар за хумани односи Крушево | „Едуцирани и одговорни млади за Крушево без пластика“ | Основна цел на проектот е „нула“ пластика на депониите, која ќе се постигне преку едукација на младите, средношколците и бизнис-заедницата за претселекција на пластичниот отпад во домаќинствата и туристичките бизниси, кампања „Мој отпад – моја одговорност“ и анализа на работењето на ЈКП Комуна - Крушево, како и креирање модел за учество на младите во подготовката на модел за јавно приватна иницијатива за локално управување со пластичен отпад | 290.500 денари |
| 14. | Здружение Центар за лековити билки и шумски плодови АМБРОЗИЈА - Пехчево | „Еко активизам – младите креираат одржлива иднина“ | Општа цел на проектот е да придонесе за зголемено влијание на младите во процесите на донесување одлуки на локално ниво, како и нивна поголема инволвираност во процесите за подобрување на состојбата со животната средина | 406.100 денари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | **Здружение за зелено општество ГРИНЕР - Скопје** | „Општината е мојот зелен дом“ | Општа цел на проектот е да се зголеми вниманието на младите кон локалните политики и процеси за заштитата на животната средина, кои се спроведуваат на локално ниво во Општина Шуто Оризари | 402.000 денари |
| 16. | **Здружение Центар за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ - Гостивар** | „Чист град за чиста иднина!“ | Општа цел на проектот е подигнување на свеста на младите и пошироката популација за третирање на отпадот и за заштита на животната средина во Општина Гостивар | 429.440 денари |
| 17. | **Здружение за рурален развој Локална Акциона Група ЛАГ СКАРДУС - с. Јегуновце Тетово** | „Активни млади – актуелни локални еколошки политики“ | Активни и ангажирани млади посветени на решавање на локалните еколошки предизвици | 430.050 денари |
| 18. | **Здружение Организирана Асоцијација на младите - Гостивар** | „Youth for EcoChange: Empowering Grassroots Action in Gostivar“ | Општа цел на проектот „Youth for EcoChange“ е да ги образува и да ги мобилизира младите во Гостивар за еко-проблемите и како може еко-активизмот да помогне во борбата со нив | 424.000 денари |

## ПРАВНА И МЕНТОРСКА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Како дел од Програмата за менторска поддршка, МЗМП во 2023 година спроведе сет на активности за зајакнување на капацитетите на граѓанските организации, со фокус на организации што работат на животната средина. МЗМП организираше 4 обуки за граѓанските организации на различни теми: обуки за правно и финансиско работење на ГО, еколошко право, подготовка на проектни апликации, подготовка на документи за јавни политики и застапување. Дополнително, се спроведоа 3 работилници што ги опфатија следниве теми: Начини на учество на јавност во донесување одлуки, ПВР, Прогласување и заштита на национални паркови и Воспоставување и надзор над работата на малите хидроцентрали.

Следствено, МЗМП истовремено им даваше правна и менторска поддршка на истите организации.

**Во текот на 2023 година, правна и менторска поддршка им беше обезбедена на 41 граѓанска организација и на неформални движења. Дополнително, изработени беа 10 едукативни и информативни видеа на следниве теми:**

- ИНСПЕКЦИСКА ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
- УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ И ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ЗАШТИТАТА НА ВОДИТЕ
- МЕХАНИЗМИ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ НА ДРЖАВНО И НА ЛОКАЛНО НИВО
- СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА
- СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА ЗА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
- ОБВРСКИ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ФОНДАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ
- ИНТЕГРИРАНИ ЕКОЛОШКИ ДОЗВОЛИ И УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО ПРОЦЕСОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИТЕ
- ШТО Е РЕФЕРЕНДУМ НА ДРЖАВНО НИВО
- УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО ПРОЦЕСОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ ЗАКОНИ И ИЗМЕНИ НА ЗАКОНИ
- ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ РЕФЕРЕНДУМ НА ЛОКАЛНО НИВО

Во текот на годината бевме исконтактирани и од други граѓански организации за прашања и за предизвици од нивното секојдневно работење, креирање на политики за интегритет, помош при подготовка на интерните акти на организациите, управување со проекти и за останати промени во здруженијата.



# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ И СОРАБОТКА







МЗМП одбележа 20 години постоење и ги промовираше резултатите од моментот на своето основање и посветена работа на заштита на човековите права.

Во 2023 година, МЗМП ја продолжи својата мисија за промовирање на човековите права преку стратешки комуникациски напори.

МЗМП имаше активно присуство на платформите на социјалните медиуми, вклучувајќи ги Фејсбук, и Инстаграм, како и Јутјуб. Нашата стратегија се фокусираше на поттикнувањето ангажман со публиката преку редовни објави и кампањи, инфографици, повици за акција и друго, со цел да ја едуцира, да ја зајакне и да ја мобилизира својата онлајн заедница.










МЗМП продолжи да соработува со различни медиуми, вклучувајќи телевизиски емисии, сегменти од вести и поткасти. Овие партнерства дадоа можност да ја засилиме нашата порака, да допреме до нова публика и да поттикнеме дискусии за критички прашања од областа на човековите права. Со учество во интервјуа, панел-дискусии и експертски анализи, МЗМП ги зголеми својата видливост и влијанието во јавната сфера.







МЗМП стави огромен акцент на создавањето содржини како важен дел од својата комуникациска стратегија. Во текот на годината продуциравме разновиден опсег на содржини, вклучувајќи видеа, статии, инфографици и стории. Темите опфаќаа широк спектар на прашања, како што се бездржавјанството, Законот за животната средина, дискриминацијата и човековите права. Преку раскажување приказни, визуализација на податоци и едукативни/информативни содржини, МЗМП се обиде да информира, да инспирира и да мобилизира акција кај своите засегнати страни.



Во 2023 година, МЗМП ја прослави својата 20-годишнина. По овој повод беше создадена посебна содржина што ја одрази историјата на организацијата и изрази благодарност до поддржувачите, како потврда за посветеноста на МЗМП на мисијата. Ова вклучуваше видеа, пораки на тимот и пораки на благодарност, споделени низ нашите канали за комуникација. Со вклучување на нашата заедница во прославата на нашите достигнувања, целта на МЗМП беше да ги зајакне воспоставените вредности и да поттикне континуирана соработка.






## ФОРМИРАН Е „МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО (MACCORD)“

Македонскиот центар за истражување и документација за информација за земја на потекло (MACCORD) е формиран преку соработка помеѓу МЗМП и Канцеларијата на УНХЦР во РСМ. Центарот е посветен на обезбедување клучни информации за земјата на потекло за барателите на азил и за странците. Нашиот примарен фокус е да ги задоволиме потребите за информации на управните судови, адвокатите и релевантните државни институции што се вклучени во постапките за азил и другите релевантни процеси во нашата земја.

Во 2023 година, комуникациските стратегии и активности одиграа клучна улога во унапредувањето организациски цели на МЗМП. Преку стратешки ангажман на социјалните медиуми, соработка со медиумите, создавање разновидни содржини и приклучување кон светски кампањи, МЗМП продолжи да ја подигнува свеста, да се залага за промени и да поттикнува дијалог за клучни правни прашања и прашања за човековите права. Гледајќи напред, МЗМП останува п осветено на користењето на комуникацијата, како моќна алатка за позитивно општествено влијание и системски промени.



## ВМРЕЖУВАЊЕ

Во 2023 година, МЗМП продолжи со активен придонес во работата на тематските мрежи заедно со други граѓански организации. МЗМП е дел од 14 мрежи во кои активно го дава својот придонес.

Во 2023 година, МЗМП ги координираше активностите на неформалната мрежа, Блупринт групата на граѓански организации за следење на реформите во правосудство.

МЗМП е дел од Мрежата за заштита од дискриминација. Целта на Мрежата е да развива застапување во случаи на дискриминација преку поднесување предмети пред КСЗД и домашните и меѓународните судови. Развојот на домашната практика е поттикната преку обезбедување бесплатна правна помош во стратегиски случаи на дискриминација.

## МЕМОРАНДУМИ

Во текот на 2023 година, МЗМП склучи 8 **договори и меморандуми за соработка**:

| |
|---|
| МЕМОРАНДУМ СО УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ |
| МЕМОРАНДУМ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО |
| МЕМОРАНДУМ СО УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ |
| МЕМОРАНДУМ СО ЗАВОДОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ |
| МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЕТО НА МЛАДИ „МЛАДИ ОД СЕМЕЈНА РАЗНОВИДНОСТ“ |
| МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО САМОСТОЕН СИНДИКАТ НА НОВИНАРИ И МЕДИУМСКИ РАБОТНИЦИ |
| МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА АКТИВЕН И ЗДРАВ РАЗВОЈ НА ЖЕНИ И ДЕЦА - ПЛИАДИС СКОПЈЕ |
| МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ – КИЧЕВО И СО УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА |







# ОРГАНИЗАЦИЈА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ



## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Собранието на МЗМП** во 2023 година одржа две редовни седници. На годишното Собрание, кое се одржа на 29.5.2023 година, се продолжи мандатот на избра повторно претседателката на МЗМП – Александра Цветановска уште 2 години и  се избраанови членови на Управниот одбор – Ана Божарова и Филип Гочевски. На Собранието беше презентиран и усвоен Годишниот извештај за работа на МЗМП, како и завршната сметка и финансискиот план за 2023 година. Исто така, презентирани беа и Извештаите за работата на Претседателот на МЗМП и на Управниот одбор. На Собранието одржано на ден 29.11.2023 година се избраа нови членови на Управниот одбор на МЗМП - Диме Ѓорчески, Борјанка Моневска и Љупка Новеска Андонова. Се избраа и членови на дисциплинска комисија - Јасна Арангеловиќ Оровчанец, Бојан Трпевски и Игор Стојчевски.

**Управниот одбор**, како клучен орган надлежен за донесување одлуки и вршење надзор над работата на Здружението, одржа 8 состаноци, додека, пак, за носење итни одлуки согласно Статутот се користеше електронско заседавање и гласање.

**Претседателката на МЗМП**, како извршен орган, обезбедуваше спроведување на Стратешкиот план на организацијата, одлуките на УО, а се грижеше и за координација на работата на програмската канцеларија на МЗМП. Работата на Претседателката е поддржана од Програмскиот совет што ги предлага и ги развива програмите на Здружението. Членовите на Програмскиот совет беа избрани од Управниот одбор на предлог на Претседателот, со мандат од две години и право на реизбор. Со работата на Програмскиот совет претседава Програмскиот директор.



## ОРГАНОГРАМ



| | |
|---|---|
| **УПРАВЕН ОДБОР** | Љупка Новеска Андонова<br>Диме Ѓорчески<br>Борјанка Моневска<br>Ана Божарова<br>Филип Гочевски |
| **ПРЕТСЕДАТЕЛКА** | Александра Цветановска |
| **ФИНАНСИИ И АДМИНИСТРАЦИЈА** | Бедрија Колашинац - финансиски менаџер<br>Даниела Настевска - финансиски менаџер<br>Лилјана Цекиќ Лазороска - финансиски и грант-менаџер<br>Александра Груевска - финансиски менаџер |
| **ПРОГРАМСКИ СОВЕТ** | Александра Цветановска - претседателка<br>Гоце Коцевски - програмски директор<br>Зоран Дранговски - постар проектен менаџер<br>Назиф Авди - постар проектен менаџер<br>Ирена Здравкова - постар проектен менаџер<br>Јасна Аранѓеловиќ Оровчанец - постар проектен менаџер |



## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Тимот на МЗМП во 2022 година го сочинуваа 32 лица, од кои 27 се вработени во Здружението, додека, пак, 5 беа ангажирани со договор за вршење услуги. Според родовата структура во МЗМП, 74 % се жени, а 26 % се мажи. 25 од лицата се дипломирани правници, тројца се во областа на финансиите, еден во областа на комуникациите и двајца преведувачи од арапски, урду и фарси јазик. 12 од лицата со правно образование имаат положено правосуден испит. МЗМП е посветено на постојано професионално усовршување на своите вработени преку посета на обуки и студиски посети.

# ФИНАНСИИ

Средства за спроведување на програмските активности и оперативните трошоци на Здружението во 2023 година беа обезбедени, пред сè, преку грантови и донации, а во помал обем преку сопствени извори на приходи и членарина. Билансот на приходи и расходи, како и билансот на состојба се објавени на веб-страницата на МЗМП.

| Листа на остварени приходи од донатори и други приходи (во илјада денари) | 2023 |
|---|---|
| Европска комисија | 35.155.648,00 |
| Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест | 4.358.957,00 |
| УНИЦЕФ | 347.414,00 |
| Амбасада на Кралството Холандија | 4.496.252,00 |
| УНХЦР | 13.907.865,00 |
| Sigrid Rausing Trust | 9.132.959,00 |
| ГИЗ | 706.488,00 |
| Дански совет за бегалци | 348.176,5 |
| ГЦЕРФ | 9.462.852,00 |
| ABA Fund for Justice & Education | 1.083.053,00 |
| Европска мрежа без државјанство | 51.418,50 |
| Рош Македонија | 681.000,00 |
| CIVICA | 815.604,00 |
| Останати приходи од донатори | 178.263,00 |
| Приходи од услуги | 1.487.328,00 |
| Вишок приходи над расходи од претходна година | 37.058.433,00 |
| Сопствени приходи од членарини | 17.400,00 |
| Други приходи | 11.520,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **119.300.631,00** |